Врз основа на член 76 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје, Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XI-та редовна седница, одржана на 22. II 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување средства за помагање на издавачката дејност
на Филозофскиот факултет

**I**

Под издавачка дејност се подразбира издавање основни учебници, учебни помагала, скрипти, монографии, студии, списанија, зборници, годишници и др.

За печатење на издавачката дејност на Факултетот може да се формира посебен фонд за издавачка дејност.

**II**

За печатење на изданијата од точка I на оваа одлука се одобруваат средства во износ до 1000 (илјада) Евра во денарска противвредност, во зависност од изданието.

**III**

Одобрување на средства за печатење може да се врши под следниве услови:

- да постои писмено барање од авторот
- издавач да биде Филозофскиот факултет
- трудот да биде рецензиран
- трудот да се користи како литература за студентите
- авторот да биде вработен на Факултетот
- да постои писмено решение на деканот за одобрување на средства.

**IV**

При издавањето на соодветни изданија ќе се применува и Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот и другите соодветни акти.

**V**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**VI**

Оваа одлука да се достави на: институтите, деканот, продеканите, Одделението за материјално-финансиско работење, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи(2), секретарот и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофски факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски